**ЈП „Национални шуми“**
**Бр.02-679/9**
**22.12.2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 27 од Статутот на ЈП Национални шуми – Скопје, а во врска со PEFC Национален стандард за одржливо стопанисување со шумите во Северна Македонија PEFC МК 03:2020, Управниот одбор на ЈП „Национални шуми“- Скопје, на својата седница одржана на ден 22.12.2023 година, донесе

# ПРАВИЛНИК на ЈП Национални шуми за работење во PEFC сертифицирано шумско подрачје

## Дел.1

Содржината на овој документ е донесена за да се овозможи подготовка на стручниот и раководен кадар во ЈП Национални Шуми (ЈПНШ) за сертификација на шумите според барањата на PEFC националниот стандард за одржливо стопанисување со шумите(ОСШ) PEFC МК 03:2020.

Тој се состои од внатрешни правила за работа во PEFC сертифицирано шумско подрачје за да се постигне усогласеност со барањата на националниот стандард за одржливо стопанисување со шумите и со тоа и стекнување со сертификат за PEFC Forest Management.

Во текстот подолу се наведени потребните прилагодувања по број на критериум од националниот стандард за ОСШ.

## Дел.1.1
## Одлука за доделување на надлежности и одговорности на лица кои работат во PEFCсертифицирано шумско подрачје (критериум 1.4)

Со оваа одлука се уредуваат надлежностите и одговорностите на стручните лица во Подружницата кои работат во сертифицирано шумско подрачје или имаат одредени одговорности во раководењето и носењето на одлуки на ниво на Подружница.

Дел од надлежностите и одговорностите се дополнителни барања во однос на редовните работни обврски. Овие одговорности и задачи на вработените на различни оперативни нивоа и одлучување во Подружницата се прилагодени на барањата на PEFCнационалниот стандард за ОСШ,PEFC МК 03:2020.

Покрај описот на работни задачи, одговорностите и особеностите на работното место кои се опишани во Правилникот за внатрешната организација и систематизација на работни места во ЈПНШ, со оваа одлука се налагаат дополнителни задачи по поедини работни места.

За сите фази во процесот на управување со шумите се назначуваат одговорни лица за следење и исполнување на барањата на PEFC МК 03:2020.

<u>**Директорот на ЈП Национални шуми**</u> е одговорен за:

- воспоставување на процедури за управување, потребни капацитети на човечки ресурси, начинот на спроведување на активностите на терен, редовен надзор и

подобрување на стопанисувањето;

- донесување на јавно достапна изјава на организацијата за посветеност во исполнување на барањата на системот за сертификација на шумите, редовен надзор во спроведување на барањата на стандардот за ОСШ и негово подобрување каде е тоа возможно, поддршка на принципот на еднакви можности, спречување на дискриминација и вознемирување на работно место и поддршка на родовата еднаквост;

- да донесе процедура за справување со жалби и неусогласеност со стандардот за ОСШ за ЈПНШ;

- да донесе годишна програма за внатрешна контрола на начинот на стопанисување во сертифицирано шумско подрачје според барањата на критериум 7.3;

- да донесе соодветна внатрешна процедура за спроведување годишна ревизија на управувањето за да детектира евентуални слабости во начинот на стопанисување и со тоа да обезбеди основа за подобрување на стопанисувањето во сертифицирано шумско подрачје;

**Раководителот на подружницата** е одговорен за спроведување на одлуките и процедурите, меѓу кои:

-процедурите за управување, потребните капацитети на човечки ресурси, начинот на спроведување на активностите на терен, редовниот надзор и подобрување на стопанисувањето;

- процедурата за комуникација со локално население;

- процедурата за справување со жалби и неусогласеност со стандардот за ОСШ;

- спроведувањето на годишна програма за внатрешна контрола на начинот на стопанисување во сертифицирано шумско подрачје;

- спроведувањето на годишна ревизија на управувањето;

**Одговорно лице за спроведување и следење на работењето во сертифицирано шумско подрачје на ниво на ЈП Национални шуми** е шумарски инженер. Ова лице е одговорно за генерална координација и контрола на целокупниот систем според барањата на PEFC МК 03:2020на ниво на ЈП Национални шуми.

**Самостоен референт за користење, заштита и одгледување на шуми** (со асистенција на референтот за сеча и дотур) во Подружницата е задолжен за спроведување на PEFC сертификација на ниво на ШСЕ во која е спроведена PEFC Forest Management сертификација.

Тој е одговорен заследење на работата на терен, а особено се грижи сите теренски операции од страна на вработените и од страна на правните/физичките лица кои вршат услуга (сеча/дотур/превоз) во сертифицирано шумско подрачје да се спроведени според правилата и барањата на стандардот. Подетално, неговите надлежности и одговорности се:

- Пред почеток на сеча да провери дали во шума се поставени знаци за предупредување заради извршување на шумски работи;
- Да организира и одржи обука и вовед во мерки за претпазливост при работа на сечиште за работниците кои работат во сертифицирано шумско

подрачје;

- Да води дневник за извршени обуки, со соодветна евиденција за присутните и темите за извршената обука;
- Да води дневник за извршен мониторинг и контрола и евентуални неправилности и отстапувања од стандардот и пропишаните мерки за работа во шума;
- Да следи дали отворањето на нови шумски патишта се врши според проектираната траса и дали се избегнува непотребно отстранување на плоден почвен слој, дали се следат природните контури на теренот, дали се избегнува непотребно дислоцирање на земјена маса во речни/поточни корита итн;
- Да обезбеди на терен да се обележи посебно место за фрлање на отпадоци и дали има поставено соодветен канистер (сад) за негово одлагање;
- Да провери дали работно ангажираните лица од страна на вршителите на услуга (сеча/дотур/превоз) поседуваат соодветна заштитна опрема, прибор за прва помош и средства за комуникација;
- Да врши надзор на одредбата за превенција од истурање на мазива и гориво;
- Да провери дали во возилата кои се во употреба на терен има контејнер и алат за собирањена евентуално истечено масло и негово собирање во соодветен контејнер;
- Да провери дали засеците на исечените дрвја се според законските барања (според Правилник);
- Доколку при сеча има закачено подебели гранки или стебла, да провери дали локациите се прописно обележани заради превенција од повреда;
- Да провери дали соодветно се користат проектираните дотурни патишта;
- Да проверува дали се користи предвидената опрема или анимали за дотур според одредбите од изведбениот план;
- Да обезбеди да се следи одредбата за максимално дозволено оштетување на стоечките стебла во сечиштето;
- Да провери дали се почитува одредбата за шумски ред и дали е оставен дрвен отпад со дебелина под 3 см на сечиштето;
- Да провери дали во траснпортните документи се врши соодветна евиденција и означување на количините на сертифицирана дрвна маса од шумскиот оддел (место на сеча);
- Да подготови анализа за заканите и можностите за исполнување на барањата на одржливо стопанисување со шумите (во ШСЕ над 3.000 ха) или листа на постојни закани за одржливо стопанисување со шумите (во ШСЕ под 3.000 ха);

**<u>Шеф за заштита и екологија на шуми</u>** во Подружницата е задолжен:

- Редовно да ја следи здравствената состојба на шумата во сертифицирано шумско подрачје и да соработува со службите кои имаат законска надлежност по ова прашање;
- Да врши редовен мониторинг и да известува за појава на евентуални прекршувања на законот за шуми (пустошење, деградација, неовластено напасување на добиток, собирање на семе и саден материјал, фрлање на отпад, палење оган, и сл.) и да известува за таквите појави кај Директорот - раководител на Подружницата;
- Да дава препораки и да предлага мерки кои треба да се преземат доколку се забележи опасност или појава на одредени биотски или абиотски фактори кои би можеле да ги загрозат шумите во сертифицираното шумско подрачје како и да побара мислење од други стручни институции;

**<u>Референтот за превоз</u>** во ШСЕ е одговорен заследење и контрола на начинот на превоз на дрвна маса во сертифицираното шумско подрачје и се грижи истиот да

е во склад со законските и дополнителните барања настандардот на PEFC МК 03:2020и тоа:

- Утоварот или претоварот се вршат на локации кои се посочени од референтот за превоз;
- Секое возило кое врши транспорт на дрвни сортименти да поседува апсорбент за апсорбирање на евентуално истекување на масло или гориво или друго погодно средство и садови за собирање на истечено масло / гориво;
- Соодветно да ја евидентира испорачаната сертифицираната дрвна маса од шумскиот оддел или други локации во ШСЕ која е сертифицирана;

**Советникот за сметководство и плаќање** е одговорен за контрола на начинот на подготвување и издавање на испратници и фактури за шумски производи од сертифицираношумско подрачје, вклучувајќи ги сите потребни елементи за следење на движењето на сертифицираните производи, водење на книги и количини на произведена и испорачана/продадена сертифицирана дрвна маса.

**Дел.1.2**

**Упатство за следење на здравствената состојба и прекршувања на законските ограничувања во сертифицирано шумско подрачје (по критериум 2.1 и 2.4)**

Овој документ го уредува следењето на здравствената состојба на шумата во сертифицирано шумско подрачје како и мониторинг и известување за евидентирани незаконски активности во шума според барањата на стандардот PEFC МК 03:2020, критериум 2.1 и 2.4.

Одредбите од овој документ се спроведуваат од страна на Подружницата и се во примена за раководење и работење во сертифицирано шумско подрачје.

Задолжен за следење и известување за здравствената состојба на шумите е одговорното лице за заштита на шумите во Подружницата- Шеф на заштита на шуми и екологија.

Одговорното лице е должно:

- Редовно да ја следи здравствената состојба на шумата во сертифицираното шумско подрачје;
- Да врши мониторинг и да известува за појава на евентуални прекршувања на законот за шуми (пустошење, деградација, сеча без дозвола, неовластено напасување на добиток, собирање на листинец, смола, хумус, семе и саден материјал, фрлање на отпад, палење оган, и сл
- Да дава препораки и да предлага мерки кои треба да се преземат доколку се забележи опасност или појава на одредени биотски или абиотски фактори кои би можеле да го загрозат сертифицираното шумско подрачје како и да побара мислење од други стручни институции;
- Еднаш во 6 месеци достави извештај за здравствената состојба и преземените мерки за заштита на сертифицираното шумско подрачје;

Освен одговорното лице за заштита на шумите во Подружницата, исто така и Самостојнјот референт за користење, заштита и одгледување на шумите во стопанска единица (ШСЕ) има обврска да ја следи здравствената состојба во ШСЕ

и да го известува одговорното лице за заштита за евентуални појави на абиотски и биотски фактори кои би можеле да ја загрозат истата. За таа цел Самостојниот референт за користење, заштита и одгледување на шумите на ШСЕ редовно ја пополнува шумската хроника во ППСШ.

**Дел.1.3**
**Упатство за заштита на земјиштето и водите од неконтролирано депонирање на отпад и излевање на масло и горива (критериум 2.3)**

Со ова упатство се уредува барањето по критериум 2.3, при што на сите лица кои се работно ангажирани во сертифицирано шумско подрачје им се даваат јасни насоки како да ги заштитат шумите, шумското земјиште и водите од депонирање на отпад и истекување на масло, гориво и останати агенси.

**Доказ:** упатство доставено до извршителите, потпис за прием од страна на операторот.

Самостојниот референт за користење, заштита и одгледување на шуми кој е работно ангажиран во сертифицираното шумско подрачје има за обврска да обезбеди соодветни услови за депонирање на отпад, отпадни материи и масла според барањето на критериумот, и тоа:

- Неорганскиот отпад кој се создава на терен се собира на локации кои се одредени и означени за тоа, во погодни за таа намена контејнери, буриња и слични садови кои спречуваат растурање на истиот. Истиот потоа на организиран начин се дислоцира на локации каде е дозволено да се собира комунален отпад;
- Органскиот отпад кој не е од животинско потекло може да се лоцира на одредени места за тоа и да се остави да се разложи доколку не претставува опасност за почвата, водите и околната животна средина и живи организми;
- Органскиот отпад кој е од животинско потекло се закопува во соодветна јама, подалеку од извори или речен ток и се покрива со песок или земја;
- Доколку работниците престојуваат подолго време на терен (камп), таму се организира и септичка јама;
- Разни масла, горива и адитиви кои се користат при работа на терен не смеат да се истураат на земја или во воден тек;
- Промена на масло и други адитиви на шумска механизација и опрема може да се врши само на посебно припремени/обележани места. Промена на масло и гориво на моторните пили се врши во сад во кои има апсорбент или на друг подобен начин, со што би апсорбирало евентуално несакано истекување на течности.
- Лицата кои работат на терен мора да имаат обезбедено прирачен материјал за санирање на евентуално истекување на масло од опрема или технички средства за работа во шума. Тоа опфаќа алат за собирање на истечено масло на земја (ашов, лопата, садови за собирање на собраниот материјал).

**Дел.1.4**
**Упатство за употреба на пестициди (критериум 2.5)**

Овој документ го уредува барањето на стандардот за употреба на пестициди во сертифицирано шумско подрачје. Одредбите од овој документ се спроведуваат од страна на Подружницата и се во примена за раководење и работење во сертифицирано шумско подрачје. Тоа ги вклучува и расадниците кои се наоѓаат на територијата на ШСЕ и се вклучени во опфатот на сертификатот.

Се препорачува избегнување на било каква употребата на пестициди во сертифицирано шумско подрачје. Во случаи кога употребата на пестициди е неопходна, истата треба да се изврши во консултации со надлежните институции и да се употребат средства кои се на позитивна листа и кои не причинуваат последици при апликација на самото растение, почвата, водите или останатите живи видови на површините на кои се користи пестицидот.

При употреба на пестициди во сертифицирано шумско подрачје, подружницата е должна да води евиденција за:

- површини на која се аплицира пестицидот,
- начин на аплицирање,
- начин на чување,
- видови на пестициди кои се набавени,
- количини кои се набавени,
- вид и количина на пестицид кој е аплициран на терен,
- количини останати на залиха,

Апликација на пестициди може да извршуваат само обучени лица, со опрема која е специфично наменета за таа употреба.

При набавка и употреба на пестициди, Подружницата е должна да подготвува извештаи во кои се наведени: видот, количините и начинот на апликација на пестицидот. Овие извештаи се чуваат во архива на подружницата и се достапни на барање на јавноста или некоја заинтересирана страна.

**Дел.1.5**
**Упатство за употреба на ѓубрива (критериум 2.6)**

Овој документ го уредува барањето на стандардот за употреба на ѓубрива. Одредбите од овој документ се спроведуваат од страна на Подружницата и се во примена за раководење и работење во сертифицирано шумско подрачје. Тоа ги вклучува и расадниците кои се наоѓаат на територијата на ШСЕ и се вклучени во опфатот на сертификатот.

Употребата на ѓубрива на шумско земјиште во сертифицирано шумско подрачје строго се избегнува. Планирањето за употреба на ѓубриво во сертифицирано шумско подрачје е само во случаи кога е истото неопходно, а Подружницата е обврзана да побара стручно мислење од надлежна институција за употреба на ѓубриво.

Доколку употребата на ѓубрива е неопходна, истата треба да биде одобрена од страна на надлежна институција, при што ќе биде наведен типот на ѓубриво, препорачаната количина и мерките на препазливост при апликација на истото.

Подружницата е должна да води евиденција за:
- видот на ѓубрива што се набавува,
- количините на набавено ѓубриво,
- површините на кои се аплицира ѓубривото,
- количините на употребено ѓубриво,
- количини на залиха од набавено ѓубриво.

Оваа евиденција се чува во архива на подружницата и е достапна на барање на јавноста или заинтересирана страна.

## Дел.1.6
## Упатство за оставање на дрвен отпад по сеча (критериум 3.1)

Ова упатство се однесува на самостојниот референт за користење, одгледување и заштита на шумите и референтите за сеча и дотур. Истото барање задолжително им се пренесува на знаење и на работниците кои работат на сеча и дотур како дел од обуката за работа во сертифицирано шумско подрачје.

**Доказ:** упатство доставено до извршителите, потпис за прием од страна на операторот.

Со ова упатство се уредува барањето по критериум 3.1 од стандардот, при што се задолжуваат Подружниците да обезбедат услови и спроведување на барањето од сите правни и физички лица (вработени лица и оператори) кои вршат сеча во сертифицирано шумско подрачје, при што дрвната маса под 3 см дебелина се остава на сечиштето, во правилно распоредени купови и во склад со правилникот за воведување и одржување на шумски ред.

Сечиштето во кое ова одредба не е спроведена нема да биде примено како уредно од страна на референтот за сеча, се до воспоставување на горе споменатата состојба.

Одговорен за следење, почитување и постапување по ова упатство во рамките на Подружницата е Самостојниот референт за користење, одгледување и заштита на шумите.

## Дел.1.7
## Упатство за заштита на стоечки стебла при сеча и дотур (критериум 3.2)

Ова упатство се однесува на самостојниот референт за користење, одгледување и заштита на шумите и референтите за сеча и дотур. Истото барање задолжително им се пренесува на знаење и на работниците кои работат на сеча и дотур како дел од обуката за работа во сертифицирано шумско подрачје.

**Доказ:** упатство доставено до извршителите, потпис за прием од страна на операторот.

Со ова упатство се уредува заштитата од оштетување на стоечките стебла во насадот (кои не се планирани за сеча) по завршување на шумските операции. Дозволеното оштетувањето според барањето на критериум 3.2 од стандардот не смее да надмине 2% од преостанатите стоечки стебла во насадот. Притоа, за оштетување на стеблата кое е предмет на опсервација е секое оштетување кое го загрозува физиолошкото опстојување на оштетеното стебло или го нарушува неговиот потенцијал за производство на квалитетен производ во иднина.

Стручните лица кои работат на терен се задолжуваат да ги следат барањате од критериумот 3.2 како и пропишаните мерки во ППСШ и годишните изведбени планови, при што ќе обезбедат дека:

- процентот на оштетени стебла по завршување на активностите не надминува 2% од преостанатите стебла. (Забелешка: мали оштетувања на кората со должина до 15 см кои настанале при сеча и дотур не се зема во обзир);
- сечата да се извршува на внимателен начин за да се да обезбеди минимално оштетување на стоечките стебла кои преостануваат во насадот;
- при дотур се користат планираните дотурни влеки и патишта според одредбите од годишните изведбени планови заради заштита на поникот;
- за дотур се користи опрема која во рамките на можностите го намалува оштетувањето на стоечките стебла во насадот;
- на локации каде што дотурниот пат го прекршува правецот на движење, се поставува заштита (колци, подебели гранки) во долниот дел на стоечките стебла заради заштита од наранување;

## Дел.1.8
## Упатство за контрола на извршените работи на терен во фаза на одгледување или користење на шумите (критериум 4.5)

Со ова упатство се уредува барањето на стандардот за контрола на извршените работи на терен во фаза на одгледување или користење на шумите и нивна усогласеност со еколошките барања. Одредбите од овој документ се спроведуваат од страна на Подружницата и се во примена за раководење и работење во сертифицирано шумско подрачје. Истото барање задолжително им се пренесува на знаење и на работниците кои работат на сеча и дотур како дел од обуката за работа во сертифицирано шумско подрачје.

**Доказ:** упатство доставено до извршителите, потпис за прием од страна на операторот.

Самостојниот референт за користење, одгледување и заштита на шумите е одговорен за квалитетот на извршената работа на терен во фаза на одгледување или користење на шумите и состојбата на шумскиот насад/сечиштето после

извршената сеча во оддели/под-оддели планирани за извршување на овие шумски операции.

Состојбата на терен се проверува тековно за време на извршувањето на операциите на терен, најмалку еднаш неделно. Притоа се контролира дали работењето на терен е според законските одредби, планските документи, насоките издадени од ЈП Национални Шуми како и дали при извршувањето на шумските операции се работи во согласност со правилата за работа во сертифицирано шумско подрачје.

Доколку во работењето на операторите се констатираат недоследности, работата на операторите се запира, се подготвува соодветен записник и писмено се бара да се престане со таа пракса.

По завршување на операциите на одгледување и користење во шумскиот оддел, записнички се констатира состојбата на терен, а записникот го потпишуваат одговорното лице и претставник на операторот.

Во принцип треба да се следат следните елементи:

- Дали на терен има појави на свлечишта и бразди кои би можеле да предизвикаат ерозија на теренот;
- Дали има оштетување на подмладокот кое можело да се избегне и да се даде проценка за загрозеноста на природната обнова во градација: а) сериозно, б) делумно, в) занемарливо;
- Дали со тековното работење се нанесени евентуални штети по квалитетот на водните ресурси;
- Дали со тековното работење се нанесени непотребни штети кон останати видови на флората и фауната;

Доколку се забележат отстапки и нарушувања на состојбата на терен, се изготвува записник за настанатата штета, се утврдува одговорниот субјект за настанатата штета и се препишуваат мерки за санација на истата.

Доколку при извршување на сеча се констатира дека има закачено стебла или поголеми опасни гранки, референтот за сеча локацијата ја обележува со лента во сигнална боја која стои до отстранувањето на закачените стебла или поголеми гранки.

За извршениот увид на терен, одговорното лице е должно да води евиденција на извршен увид и констатирани состојби. Оваа книга за евиденција се чува во архива на подружницата. Форматот и содржината на книгата се одредува од страна на Директорот на ЈП Национални Шуми.

**Прилог:** формулар

**Преглед на извршена работа**

Подружница _______________-___________

Фирма ___________________, број на сметка______________________

Договор бр.:__________________ од ____________година

Гаранција бр.__________ Износ _______________денари

Преглед на состојба и евентуални штети во сечиште во оддел ....... од ШСЕ ...............................

| | |
|---|---|
| % на оштетени стебла од (наранување, кршење) | а) има ...... % б) нема |
| свлечишта и бразди кои би можеле да предизвикаат ерозија на теренот (заокружи) | а) значително б) незначително в) нема |
| оштетување на подмладок кое можело да се избегне (заокружи) | а) сериозно б) делумно в) занемарливо |
| штети по квалитетот на водните ресурси (заокружи) | а) има б) нема |
| непотребни штети кон останати видови на флората и фауната (заокружи) | а) има б) нема |

Референт по сеча и дотур работа

Извршител на

Самостоен Референт за КОЗШ ......................

Датум:

**Дел.1.9**

**Упатство за следење на присуство на диви и домашни животни во шума и нивното влијание на шумскиот екосистем (критериум 4.6)**

Ова упатство се однесува на шефот на заштита на шумите и екологија или самостојниот референт за користење, одгледување и заштита на шумите.

Во сите насади (оддели/поддодели) одговорното лице ја следи појавата и влијанието на диви и домашни животни како и нивното влијание по шумскиот екосистем.

Притоа особено се внимава на:

-патеките по кои се извршува преминување на домашни животни (овци, кози, крави, свињи) низ шумскиот екосистем и евентуалните штети кои се нанесуваат на постојниот насад, подмладокот, почвениот слој итн;
-знаци за евентуално неовластено напасување и желадење;
-знаците за присуство на диви животни, нивната бројност доколку е тоа можно и нивното влијание на постојниот насад, подмладокот, почвениот слој.

Евентуалните забелешки при опсервациите,одговорното лице ги запишува во формуларот.

Одговорното лице го пополнува формуларот во врска со барањата на критериум 4.6. на секои шест месеци. Притоа, задолжително се дава препорака за евентуално потребни мерки за заштита и рокови за нивно извршување.

Прилог: формулар

Формулар за мониторинг за ШСЕ ______________________ Датум _____________

**Домашни животни**

| Оддел | Присуство | Вид и опис на нивна активност | Негативно влијание | Опис на влијание | Преземени мерки за намалување на негативно влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| | да ☐<br>не ☐ | Пр: Овци, преминуваат низ насадот | да ☐<br>не ☐ | | |
| | да ☐<br>не ☐ | | да ☐<br>не ☐ | | |
| | да ☐<br>не ☐ | | да ☐<br>не ☐ | | |
| | да ☐<br>не ☐ | | да ☐<br>не ☐ | | |

**Диви животни**

| Оддел | Присуство | Опис на нивна активност | Негативно влијание | Опис на влијание | Преземени мерки за намалување на негативно влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| | да ☐<br>не ☐ | Пр: Дива свиња, 50 единки, | да ☐<br>не ☐ | | |
| | да ☐<br>не ☐ | | да ☐<br>не ☐ | | |
| | да ☐<br>не ☐ | | да ☐<br>не ☐ | | |
| | да ☐<br>не ☐ | | да ☐<br>не ☐ | | |

**Дел.1.10**

**Упатство за оставање на стоечки или паднати мртви стебла, стебла со монументални димензии (дебелина, височина, голема крошна), стебла кои се издупчени од инсекти, птици или други животни (критериум 4.7)**

Ова упатство се однесува на самостојниот референт за користење, заштита и одгледување на шумите какои референтите одговорни за прием на сеча и дотур. Истото барање задолжително им се пренесува на знаење и на работниците кои работат на сеча и дотур како дел од обуката за работа во сертифицирано шумско подрачје.

**Доказ:** упатство доставено до извршителите, потпис за прием од страна на операторот.

Во сите насади (оддели/поддодели) независно од предвидените одгледувачки мерки, вклучително и во насади каде се извршуваат главни сечи, се идентификуваат:

- стоечки или паднати мртви стебла,
- стебла со монументални димензии (дебелина, височина, голема крошна) или стебла кои имаат потенцијал да постигнат монументални димензии,
- стебла кои се издупчени од инсекти, птици или други животни,
-стари стебла

Се идентификуваат најмалку 3 стебла на хектар од горенаведените и истите се обележуваат со арапски број, (последователно 1,2,3 итн. на градна височина) со жолта боја (спреј, мрсна или друга водоотпорна боја). Бројот на стеблото се испишува на една страна (по избор) а на другите страни се става точка со жолта боја (на градна височина). Означените стебла остануваат трајно во насадот, без разлика на предвидените одгледувачки мерки или главни сечи во насадот.

За означените стебла по оддел/пододдел се води евиденција (пример):

| Број | Опис |
|---|---|
| Број 1 | Стоечко живо стебло од бука со монументални димензии, дијаметар од 140 см и височина од 22 м. |
| Број 2 | Стоечко живо стебло од даб горун, оштетено од инсекти, со дијаметар од 42 см и височина од 20 м. |
| Број 3 | Мртво паднато стебло од јасика, извалено од ветер, со дијаметар 60 см и височина од 25м. |

Описот се додава како Додаток на основата (Додаток за сертифицирано шумско подрачје) во фајлот за критериум 4.7. Постоењето на опишаните стебла се проверува при редовниот мониторинг на извршување на шумски операции во сертифицирано шумско подрачје од страна на раководителот на ШСЕ и техничкиот кадар, како и при донесување на нов план за стопанисување.

Активноста на евиденција на овие стебла стебла се реализира при редовно извршување на ознака за сеча.

**Прилог:** формулар

**Формулар за обележани стоечки или паднати мртви стебла, стебла со монументални димензии (дебелина, височина, голема крошна), стебла кои се издупчени од инсекти, птици или други животни**

ШСЕ ............................................ Оддел .............

| Број | Опис |
|---|---|
| Број 1 | дрвен вид:<br><br>опис:<br><br>d = _______ h = ________ |
| Број 2 | дрвен вид:<br><br>опис:<br><br>d = _______ h = ________ |
| Број 3 | дрвен вид:<br><br>опис:<br><br>d = _______ h = ________ |
| Број 4 | дрвен вид:<br><br>опис:<br><br>d = _______ h = ________ |
| Број 5 | дрвен вид:<br><br>опис:<br><br>d = _______ h = ________ |

**Дел.1.11**
**Упатство за исполнување на специфични барања при спроведување на чиста сеча (критериум 4.8)**

**Се однесува** на самостојниот референт за користење, заштита и одгледување на шумитеи референтите за сеча и дотур. Истото барање задолжително им се пренесува на знаење и на работниците кои работат на сеча и дотур како дел од обуката за работа во сертифицирано шумско подрачје.

**Доказ:** испечатен материјал доставен до извршители, потпис за ден на испорачана обука, име и презиме на обучувани лица.

**Содржина на Упатство**
Во сите насади (оддели/поддодели) каде според одредбите од ППСШ и изведбениот план се спроведува чиста сеча, покрај спроведување на барањето за максимално дозволено поле на спроведување на чиста сеча, потребно е да се остават непосечени најмалку 10 стоечки и живи стебла на еден хектар. Изборот на овие стебла треба да се фокусира на стебла со добро развиена крошна и добра физиолошка состојба во однос на останатите стебла.

Стеблата кои треба да останат непосечени, пред извршување на сеча се обележуваат на градна височина со жолта боја (спреј, мрсна или друга водоотпорна боја). Означените стебла остануваат трајно во насадот, без разлика на одредбите за изведба на чиста сеча.

**Дел.1.12**
**Упатство за исполнување на специфични барања за заштита на почвениот слој и водните ресурси (критериум 5.2)**

Ова упатство се однесува на самостојниот референт за користење, заштита и одгледување на шумите и референти по сеча, дотур и превоз. Истото барање задолжително им се пренесува на знаење и на дотурачи, машинисти и други оператори со механизација како дел од обуката за работа во сертифицирано шумско подрачје.

**Доказ:** упатство доставено до извршителите, потпис за прием од страна на операторот.

**Содржина на Упатство**

Во сите насади (оддели/поддодели) каде се спроведуваат шумски операции на сеча, дотур, транспорт, градба на пат или друг вид на теренска дејност, се задолжуваат одговорните лица да обрнат особено внимание на заштита на почвениот слој од употреба на тешка и неадекватна механизација, особено на терени каде теренот е со плиток почвен слој кој е подложен на ерозија (овие терени се претходно идентификувани од страна на самостојниот референт за користење, одгледување и заштита на шумите).

Во таков случај:

- да се дозволува движење на возила по веќе утврдени патеки за дотур и транспорт;
- да не се врши механизиран дотур по дотурни влеки и транспорт на шумски сортименти низ одделите/пододделите кога поради голема влажност почвениот слој е нестабилен;
- да се дозволува употреба на механизиран дотур со влечење само по дотурни влеки;

Во исто време, се бара да се обрне особено внимание за влијанието на шумските операции по квалитетот на водните ресурси.

Во оддели кои гравитираат кон каптажи за вода не може да се извршуваат шумски операции на целата површина на пододделот. Таму се одредува бафер зона од најмалку 50 метри над и околу каптажата (лево и десно). Истата јасно се одбележува со боја на терен (жолта) по околните стебла и се картира.

Во одделите кои гравитираат кон отворен речен тек шумските операции се извршуваат на начин кој обезбедува намалена опасност од header заматување, со примена на сите превентивни мерки за тоа. Мерките се одредуваат во зависност од теренските услови и се наведуваат во Годишниот изведбен план.

## Дел.1.13
## Упатство за комуникација/консултација со локално население и постапување при поплаки и жалби (критериум 6.1) (критериум 7.4)

Ова упатство го уредува барањето на стандардот за постигнување на ефикасна комуникација и консултација со локалното население како и постапката за справување со евентуални жалби и поплаки. Одредбите од овој документ се спроведуваат од страна на Подружницата и се во примена за раководење и работење во сертифицирано шумско подрачје.

**Комуникација**

Подружницата минимум еднаш годишно, или по барање на некоја засегната страна, одржува јавен настан за комуникација/консултација со локалното население кое живее во рамките на ШСЕ или во непосредна близина на истата и со други локални чинители.

Овој настан служи за информирање на населението за предвидените активности во ШСЕ, како и за дискусија околу потребите и барањата на самото население во врска со работењето на Подружницата во рамките на ШСЕ.

Овие состаноци се од јавен карактер, навремено објавени и соодветно заведени во записници ододржаните состаноци во архивата на Подружницата.

Одговорно лице за спроведување на консултации со јавноста е Раководителот наПодружницата.

**Дел.2**
**Жалби и поплаки**
Со овој документ се уредува и постапката за поднесување на поплаки и жалби до Подружницата поврзани со нејзиното работење во сертифицираното шумско подрачје.

Секое директно засегнато лице (правно или физичко) може да достави поплака или жалба во врска со работењето на Подружницата во сертифицираното шумско подрачје.

Поплака или жалба од засегнатото лице се доставува во писмена форма во самата подружница преку архивата на истата или по пошта. Подружницата формира комисија која ќе ја разгледа поплаката или жалбата и во рок од 20 работни дена ќе одговори на поплаката/жалбата и ќе предложи мерки/активности за надминување на истата, доколку е основана.

Комисијата се состои од три члена. Со цел да се обезбеди независност и непристрасност при донесувањето на одлуки, во составот на комисијата влегува и еден надворешен член (претставник на локалната заедница или лице кое е назначено од подносителот на жалбата), а останатите два члена се лица од Подружницата кои не се работно ангажирани во ШСЕ.

Процесот на одлучување треба да биде независен и одлуката треба да биде донесена врз основа на собраните факти/информации, по пат на консензус. Работењето на комисијата и самото одлучување треба да биде поткрепено и запишано во записник за работа на комисијата, кој се чува во архива на подружницата.

Комисијата има должност да ги провери сите изнесени факти во поплаката/жалбата и да ги собере сите неопходни инфомации за разрешување на истата. По согледување на сите аспекти комисијата има должност да ја прифати или одбие поплаката/жалбата.

Ако поплаката/жалбата е прифатена од комисијата, истата треба да предложи превентивни мерки за идното работење или директни мерки за надминување на настанатата состојба.

Ако поплаката/жалбата не е прифатена од комисијата, подносителот на истата има право да побара состанок со комисијата за разјаснување на процесот на одлучување и донесената одлука.

Одлуката е валидна доколку е донесена по пат на консензус. Доколку членовите на комисијата не постигнат консензус по одлуката, следна опција е разрешување на жалбата/поплаката пред официјалните судски инстанци.

За сите пристигнати поплаки и жалби, Подружницата води книга за евиденција на истите. Мерките кои се преземени за разрешување на споровите исто така се уредно евидентирани, а записите се чуваат во самата подружница, достапни на увид на јавноста или трета страна.

**Дел.2.1**
**Упатство за известување на јавноста за извршување работи и настанати состојби во шума (критериум 6.2)**

Ова упатство го уредува барањето на стандардот за известување на јавноста за извршување на работи во шума како и други настанати вонредни состојби кои влијаат на слободно движење на граѓаните низ шума. Одредбите од ова Упатство се спроведуваат од страна на Подружницата и се во примена за раководење и работење во сертифицирано шумско подрачје.

Подружницата е должна видно да ги означи местата во и надвор од шума кои се стопанисуваат од страна на подружницата и каде се изведуваат одредени шумски активности (одгледувачки работи, сеча, отворање на пат, минирање). Притоа се назначува периодот на започнување и завршување на работите или состојбата.

За таа цел Подружницата поставува табли за информирање на шумскиот објект кој е предмет на одредени активности, ги објавува локациите и периодот на работа на својата веб страна (ако ја има), на инфо табла во подружницата, како и на инфо табла во општината или на друг начин соодветен за информирање на јавноста.

**Дел.2.2**
**Упатство за задолжително користење на заштитна опрема при работа во шума (критериум 6.5)**

Ова упатство го уредува барањето на стандардот за задолжително користење на заштитна опрема при работа во шума. Се однесува на самостојниот референт за користење, заштита и одгледување на шумите, референти по сеча, дотур и превоз, шумски работници во редовен работен однос и работници кои се во договор со операторите во шума.

Содржината на упатството задолжително им се пренесува на знаење на сите горе наведени лица како дел од обуката за работа во сертифицирано шумско подрачје.

**Доказ:** доставено упатство со потпис за прием на наредбата од страна на вработените извршители и операторот.

Сите лица кои работат или се во било каква службена посета на сертифицирано шумско подрачје, се задолжуваат да користат заштитна опрема. Секое

непочитување на оваа одлука од страна на вработените, операторите или други службени лица кои се присутни или вршат работа во шума, значи преземање на корективни мерки и санкции од страна на Раководителот на Подружницата.

Заштитната опрема која е задолжителна при работа во шума во сертифицирано шумско подрачје според овој правилник е:

- Заштитен шлем за глава (за сите кои се во сертифицирано шумско подрачје).
- Рефлектирачки елек (за сите кои се во сертифицирано шумско подрачје).
- Слушалки за уши (за работници со моторна пила).
- Заштитни ракавици (за работници со моторна пила, и други кои манипулираат со дрвни сортименти).
- Заштитни очила (за работници со моторна пила).
- Заштитни панталони со заштитни влакна (за работници со моторна пила).
- Теренски обувки со челична заштита на врвот (за работници со моторна пила, и други кои манипулираат со дрвни сортименти).

Задолжително на секое сечиште во сертифицирано шумско подрачје, секоја работна група мора да поседува пакет за прва помош со сите неопходни средства за пружање на прва помош при повреда на работно место. Секоја работна група мора да поседува мобилен телефон или друго средство за комуникација со цел брза и лесна комуникација при случај на незгода или друга вонредна ситуација.

Првенствено Референтот за сеча и дотур, а потоа и самостојниот референт за користење, одгледување и заштита на шуми од подружницата се должни да го следат спроведувањето на овој правилник.

Референтот за сеча и дотур доставува периодични извештаи за евентуални прекршувања или отстапувања од законската регулатива и барањата на стандардот.

Самостојниот референт за користење, одгледување и заштита на шуми, води и архива за број на повреди на работно место, видот и тежината на повредите како и причините за нивната појава.

Самостојниот референт за користење, одгледување и заштита на шуми проверува дали работно ангажираните лица на терен на ШСЕ имаат поминато обука за работа во сертифицирано шумско подрачје, а за работниците со моторна пила дали имаат поминато специфична обука за работа со моторна пила.

Самостојниот референт за користење, одгледување и заштита на шуми исто така проверува дали работно ангажираните лица на терен на ШСЕ се известени за ризиците кои ги носи нивното работно место и дали се запознаени со мерките за намалување на појава на таков вид на ризици.

Извештаите од Самостојниот референт за користење, одгледување и заштита на шуми се чуваат во архива на Подружницата.

**Дел.2.3**

**Одлука за именување на одговорно лице за следење и спроведување на сите законски обврски поврзани со работа во шума и барањата од стандардот за сертификација на шуми (критериум 6.6)**

Овој документ го уредува барањето на стандардот за именување на одговорно лице за следење и спроведување на сите законски обврски од страна на подружницата, вработените и работно ангажираните лица.

Директорот - раководителна Подружницата (или друго назначено лице) се одговорни за следење и спроведување на сите законски обврски поврзани со работа во шума и барањата на стандардот PEFC MK 03:2020.

Одговорното лице е должно да обезбеди пристап (електронски или печатено) до релевантната законска регулатива која се однесува на стопанисувањето со шуми вклучително и има обврска да обезбеди објаснување како тие обврски се одразуваат на организацијата како и да обезбеди пристап до истата за секое работно (вработен и правни лица кои се даватели на услуги) ангажирано лице, во електронска или печатена форма.

Одговорното лице е должно да ја следи редовно работата на подружницата, вработените и работно ангажираните лица на терен и да доставува периодични (шест месечни) извештаи за евентуални прекршувања или отстапувања од законската регулатива и барањата на стандардот.

Извештаите се доставуваат до архивата на подружницата и се чуваат таму.

**Дел.3**

Овој правилник влегува во сила сметано од денот на неговото донесување.

Скопје,

22.12.2023 година

**Управен одбор**
**Претседател,**
**Владимир Крстевски**